Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

# Изјава за заштита на лични податоци кои се обработуваат преку системот „Безбеден град“ на Министерството за внатрешни работи

## 1. Контролор на лични податоци

**Контакт податоци на Контролорот:**

**Назив:** Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Телефон на контакт:** +389 (0)2 3 117 222

**Електронска адреса:** kontakt@moi.gov.mk

**Контакт податоци на офицер за заштита на личните податоци:**

Маја Мазневска - началник на Одделение за заштита на лични податоци

Тел: +389 70 385 537

Меил: Maja_Petkova@moi.gov.mk

## 2. Цели за обработка на личните податоци

Министерството за внатрешни работи ја почитува приватноста на субјектите и ги собира, обработува и чува личните податоци законито, транспарентно и правично, а притоа, обработката е ограничена само на оние лични податоци што се неопходни, релевантни и ограничени за исполнување на целта заради која се обработуваат.

Правен основ за обработка на лични податоци поврзани со системот Безбеден град е имплементација на одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за возила и Законот за прекршоците.

Во случај кога обработката на личните податоци се врши заради исполнување на законска обврска, не е потребна согласност на субјектот за обработка на податоците.

Министерството за внатрешни работи ја врши обработката на личните податоци за следните цели:

- следење и анализирање на состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата;

- укажување на актуелните проблеми во областа на сообраќајот на патиштата и предлагање мерки за нивно решавање;

- контролирање и регулирање на сообраќајот на патиштата;

- вршење контрола над возачите и другите учесници во сообраќајот на патиштата, над состојбата на патиштата и улиците, опремата и сообраќајната сигнализација;

- водење прекршочна постапка за прекршоци за кои е определено како прекршочен орган со исклучива надлежност за негово постапување, согласно со овој закон;

- соработување со другите надлежни државни органи, единиците на локалната самоуправа и правни лица во уредувањето, техничкото регулирање на сообраќајот и сообраќајните текови и во нивното функционирање;

- вршење надзор над спроведувањето на прописите и над преземањето на мерки што се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата;

- вршење стручни и управни работи сврзани со издавање на возачки дозволи и дозволи за возачи-инструктори, лиценци, регистрација на возила, како и издавање на сообраќајни дозволи, возачки книшки, потврди за пробно возење и регистарски таблици;

- учествување во активностите поврзани со спроведување на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот.

## 3. Чии податоци се собираат

Министерството за внатрешни работи собира податоци за следните категории на лица:

- физичко лице кое се јавува во својство на сопственик или корисник на возило и

- одговорно лице во правно лице кое се јавува во својство на сопственик или корисник на возило.

## 4. Категории на лични податоци кои се предмет на обработка

Министерството за внатрешни работи ги обработува следните категории на лични податоци:

- име и презиме,
- матичен број,
- адреса на живеење,
- датум на важност на лична карта и број на лична карта,
- датум на раѓање,
- број на регистарска таблица,

- електронска адреса,
- телефонски број на мобилен телефон и
- фото запис од лицето кое го управува возилото и
- лозинка.

## 5. Корисници на лични податоци

Корисници на личните податоци кои се обработуваат преку системот „Безбеден град“ на Министерството за внатрешни работи се:

- Управа за јавни приходи,
- обвинителства,
- судови.

## 6. Рок на чување на личните податоци

Снимениот материјал преку системот „Безбеден град“ на Министерството за внатрешни работи се чува во полицијата 30 дена од денот на неговото создавање, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој се постапува согласно со закон.

## 7. Права на субјектите

Право на пристап:

Субјектот има право да добие пристап до личните податоци и до следните информации:

- целите на обработката;
- категориите на лични податоци кои ги обработуваме;
- субјекти односно институции на кои се пренесуваат личните податоци;
- рокот во кој се чуваат личните податоци, а ако тоа не е возможно, критериумите што се користат за одредување на тој период;
- постоење на право да бара исправка или бришење на личните податоци;
- правото на поднесување на барање до Агенцијата за заштита на личните податоци;

Право на исправка и бришење

Субјектот има право да побара и да добие исправка на неговите неточни лични податоци од страна на Министерството за внатрешни работи, како и да ги дополни или измени нецелосните односно неточните лични податоци, преку шалтерите на Министерството за внатрешни работи наменети за системот Безбеден град или да пристапи на дигиталната платформа на Министерството за внатрешни работи Е - МВР.

Субјектот има право да побара бришење на неговите лични податоци од Министерството за внатрешни работи и истите ќе се избришат доколку личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани.

Право на приговор:

Субјектот има право да поднесе приговор до Министерството за внатрешни работи во однос на начинот на обработката на неговите лични податоци. Министерството нема да може повеќе да врши обработка на личните податоци на субјектот, освен ако докаже дека постојат релевантни легитимни интереси за обработка, кои преовладуваат над интересите, правата и слободите на субјектот на личните податоци, или за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања.

Примена на правата на субјектот:

Доколку сакате да остварите некое од наведените права, потребно е да се обратите на шалтерите на Министерството за внатрешни работи специјализирани за системот Безбеден град или да пристапите на дигиталната платформа на Министерството за внатрешни работи Е - МВР.

## 8. Надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци

Агенцијата за заштита на личните податоци е надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје

Телефон: 389 2 323 0635

Е-маил: info@privacy.mk

Доколку сметате дека обработката на личните податоци од страна на Министерството за внатрешни работи не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање пред Агенцијата за заштита на личните податоци, согласно член 97 од Законот за заштита на лични